Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1699/1 од 03.06.2025 година, во врска со изградба на угостителски објект-ресторан во с.-----, општина ------- кој се гради без одобрение за градба, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган.

Предметот со број 12-1699/1 од 03.06.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 03.06.2025 година, поднесена е пријава во која подносителот посочува дека во с.-----, општина ------ се градел угостителски објект-ресторан без одобрение за градба, за што биле известени и инспекциските служби во општина ----- и оформен е предмет број 12-1699/1 од 03.06.2025 година.
Пријавата истовремено е доставена и до Основното јавно обвинителство Прилеп, Основното јавно обвинителство Скопје, Министерството за внатрешни работи на РСМ, Министерството за транспорт и врски на РСМ и до Државната комисија за спречување на корупција.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија дали постапуваат по пријавените наводи.

Добиени се бараните информации и од увидот во истата утврдена е следната фактичка состојба:

Во Основното јавно обвинителство Прилеп оформен е предмет под број Кон.бр.---/25, за кривично дело Бесправно градење. Наведено е дека истите се наоѓаат во фаза на собирање на докази и дека сè уште немаат донесено јавнообвинителска одлука.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган - Основното јавно обвинителство Прилеп, кои оформил предмет во врска со предметните наводи, а постапувањето по истиот е во тек.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик- претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut